ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 19 ДАТА 16.05.2018 ГОДИНА 36

**ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 19 ДАТА 16.05.2018 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 14.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФУДБАЛ СТАРС„ Кочани: Заов В. Кевин, Манчов Р. Ненад, Велков И. Тихомир, Арсов И. Иван, Арсов И. Христијан, Велков П. Андреј, Донев Д. Андреј, по член 35/1.

Фк „СЛОГА 1934„ Виница: Николовски В. Валентино, Иванов М. Јован, Тасев Т. Филип, Иванов Х. Александар, Аарсов М. Лука, Николов Т. Благој, Лазаров Г.Филип,Иванов С.Ненад, Павлов Г.Михаил,Петров Г.Матеј, Стаменков Б.Михаил,Тачовски Д.Ненад,Наков С.Матеј,Спасовски Д. Емил, Костадинов П.Стојанчо, Лазаров М. Димитар, Пецов Г.Роберт, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 14.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВА МИЛАНО 2010„ Куманово: Абдулахи Ајан, Ријад Алија,по чл. 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 15.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТАЛЕНТ 2010„ Битола: Трајчевски П.Методиј, Јовановски И.Давид, Трампевски Т. Тео, по член 35/1.

ФК „РИС„ Битола: Велковски Д. Новица, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 15.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФЛАМУРТАРИ 2017„ Скопје:Тарик Р. Енуз, по член 35/1.

ФК „МАКЕДОНИЈА Ѓ.П. 1932 АД„ Скопје: Савески С. Стефан, Манасиевски Д. Марио, Адеми И. Вулнет, Јакупи Б. Бесфорт, Ѓелов Ѓ. Мартин, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

**Седница од 14.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ОХРИД ЛИХНИДОС„ Охрид: Несторoски Кристијан, по член 35/1.

ФК „ОСК ФЕР ПЛЕЈ„Охрид: Мишtаковски Г.Анастас, Трајкоски Н.Павел, Спасески Н. Кристијан, Танески М. Давор, Павлески Д. Димитар, Спасески Н. Максим и Стојанов И. Давид, по члчен 35/1.

Крстески Д. Давид од ФК „Оск Фер Плеј„ од Охрид, шпо член 35/2.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО**
**Седница од 10.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ С. Џепчиште: Мислими Јон, Незири Ади, Мемети Ардиан, Нурипи Оматр, Зекири Етрит, Мислими Амер, Адеми Ил, Јусуфи Фламур, Берин Камбери, Јусуфи Омер, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП**
**Седница од 15.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА АД„ Прилеп: Мејдини Р. Албион, Шаркоски В. Димитар, Паскоски А. Давид, Усеиноски Ќ. Аџи, Фејзулаи Ш. Аџи, Арифи С. Африм, Гагоски Т. Андреј, Стомнароски М.Пеце, Кочоски З.Леонид, Мегленски Т.Ведран, Митковски К.Александар, Илијески И.Петар, Наумоски В.Давид, чл. 35/1.

ФК „ПРИЛЕП„ Прилеп: Митрески Р. Михаил, Талески А. Петар, Бобан Б. Ахил и Петар П. Стојкоски, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 15.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје: Илиевски А. Филип, Андревски Г. Матеј, Петровски Ф.Саша, Чачевски О. Христијан, Столевски Ж. Леонид, Ацковски С. Стефан, Караула Б. Давид, Анѓелковски С. Андреј, Гиевски И. Јован, Мургоски Г. Матеј, Богдановски Т.Филип, Зафировски К.Андреј, Пандилов С.Даријан, Богданов С. Јован, Тасков С. Димитар, Јорданов К. Филип, Велковска П. Ане, Илијевски Андреј, Димов Леонид, Адамчевски В.Стефан, Цветков Ј. Јан, по член 35/1.

ФК „ВИНЕР СПОРТ„ Скопје: Боровац Б. Марко, Божиновски Д. Огнен, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО**
**Седница од 14.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „НЕГОТИНО„Неготино: Бењамин Браховиќ, Николче Крстев, Милан Младеновиќ, Анѓел Лазов, Леон д Стојков, Тоше Марков, Гордана Милошевиќ, Тамара Милошевиќ,Ангела Танчева,Сумејра Тутиќ,Душица Танчева,Даме Димов, Ибраим Фејзов, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 15.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФОРЦА ВАРДАР„ Скопје: Ширилов И. Лазар, по член 35/1.
ФК „ГРОЗДАНОВСКИ ИЛИНДЕН„ Скопје: Крстевски Б. Антонијо, Величковски Д. Доријан, Величковски Д. Дарио, по член 35/1.

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клууб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Миовски Т. Бојан го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиошт фудбалски сојуз „Газиу баба„ од Скопје, фудбалерот Миовски Т. Бојан од Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС**
**Седница од 14.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ГЛАС ОРИЗАРА„ с. Оризари: Исмир Цамовиќ, Ал Дино Хот, Ајра Асад, Ријад Цамовиќ, Тарик Кицара, Џанан Шатара, Елдин Шатара, Алмир Гуџевиќ, Ајра Елмир, Аднан Кицара, Адис Ибрахимовиќ, Аријан Колошинац, Емин Лекпек, Ерсин Црновршанин, Ирфан Мехмедовиќ, Хасан Лекпек, Исмаил Лековиќ, Хасан Шалиќ, Сулејман Дациќ,Алдин Бајрами, Ален Богуќанин, Енес Бајрович, Харис Шалич, Енес Каришиќ, Елвир Биберовиќ, Селмир Каришиќ, Ален Мехмедовиќ, Мустаф Чолаковиќ, Един Кахровиќ, Самир Шерифовиќ, Един Ајра, Хидајет Мемиќ, Елмедин Цуцак и Богуќанин Санел, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Аммар Гуѓевиќ за Фудбалскиот клуб „Глас Оризара„ од с. Оризари по член 35/1, затоа што нема печат од клубот на пријаввата за регистрација.

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1110/3
10.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска - член и Мартин Саздов -член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1110/1 од 03.05.2018 година против Неат Ајети, комесар за безбедност на ФК Шкупи АД Скопје и Алајдин Шабани зам.комесар за безбедност на ФК Шкупи АД Скопје, поради вршење на пристисок кон гостинскиот голман и занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, врз основа на член 35 и член 85 став 1 и 8 од ДП на ФФМ поведе дисциплинкса постапка на 04.05.2018 година, по што на 10.05.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. На Неат Ајети, комесар за безбедност, поради вршење на пристисок кон гостинскиот голман и занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово врз основа на член 35 и член 85 став 1 и 8 од ДП на ФФМ му се изрекува е **дисциплинска мерка – Забрана за вршење на функција во траење од 4 (четири) месеци.**
2. Казната од точка 1 на оваа одлука тече од 10.05.2018.
3. На Алајдин Шабани,заменик комесар за безбедност, поради вршење на пристисок кон гостинскиот голман и занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово врз основа на член 35 и член 85 став 1 и 8 од ДП на ФФМ му се изрекува е **дисциплинска мерка – Забрана за вршење на функција во траење од 4 (четири) месеци.**
4. Казната од точка 3 на оваа одлука тече од 10.05.2018.
5. Одлуката да се објави во Макфудбал.
6. О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари 15-1110/1 од 03.05.2018 година против Неат Ајети, комесар за безбедност на ФК Шкупи АД Скопје и Алајдин Шабани зам.комесар за безбедност на ФК Шкупи АД Скопје, поради вршење на пристисок кон гостинскиот голман и занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, поведе дисциплинкса постапка на 04.05.2018 година.

Пријавените доставиле изјава до Комисијата, во која ги отфрлаат наводите содржани во пријавата. Истакнуваат дека се обратиле до гостинскиот голман со цел да му укажат дека е некоректно и неспортски непотребно и без причина лежење на теренот со цел задржување на времето за игра. Сметаат дека во нивното однесување немалу форма на

притисок, поради што сметаат дека битијата на прекршоците од член35 и 85 став 1 од ДП за кој се товарат не се исполнети, бараат комисијата да ја запре постапката против нив.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Изјава од пријавените, Изјава од изјава од главниот судија на натпреварот, видео инсерти од инцидент на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 02.05.2018 година во рамки на 32 коло од Прва МФЛ во Скопје е одигран натпреварот помеѓу екипите ФК Шкупи 1927 АД и ФК Силекс АД Кратово. Во 83 минута од натпреварот настанала мешаница во казнениот простор на гостинската екипа пред голот кој се наоѓа на страната на службените простории. Во таа мешаница од страна на судиите биле доделени неколку жолти картони за играчи на двете екипи, по што ситуацијата се смирила и натпреварот продолжил. Во тој момент лицата Неат Ајети, комесар за безбедност на натпреварот и Алајдин Шабани, заменик комесар за безбедност на клубот вербално го нападнале и му се заканувале на голманот на гостинската екипа. Оваа ситуација е забележана од страна на судиите на натпреварот, по што било побарано овие лица, да го напуштат оградениот дел од теренот. Двајцата комесари, остатокот од натпреварот го прследиле пред службените простории надвор од оградениот терен. По завршување на натпреварот настанала тензична ситуација на која реагирале домашните фудбалери кај судиите. На теренот пред службените простории се насобрала поголема група на официјални и неофицијални лица, во момент кога судиите се наоѓале на средина на теренот и веднаш биле обезбедени од страна на припадниците на МВР, кои побарале од нив да останат на терен додека не се расчисти просторот пред службените простории. На патот кон службените простории кон судиите биле упатени бројни пцости и вулгарности, како и закани од страна на двајацата комесари за безбедност од страна на претседателот на клубот и неколку останати лица кои биле посочени како членови на управата, како и лица кои на себе имале маркери за фоторепортери. Од трибината од страна на пдржувачите на домашната екипа биле фрлани тврди предмети, меѓу кои и бекатон плочки, кој за среќа не повредиле никого од присутните.Во исто време на трибината каде што се сместени лицата кои го снимаат натпреварот за потребите на ФФМ ТВ, еден од камерманите е нападнат од страна на подржувач на клубот домаќин, за што постои видео запис. Во службените простории имало обид за физички напад на судиите на натпреварот, имено лицето посочено како Претседател на клубот удрил со рака во прозорот од соблекувалната на судиите и се обидел да влезе во соблекувалната, меѓутоа поголем инцидент бил спречен од страна на припадниците на МВР. Наводите во изјавата доставена од пријавените беа ценети од страна на комисијата, меѓутоа истите се контрадикторни и во целост спротивни на фактичката сосотојба утврдена погоре, која произлегува од доказите во оваа постапка, вклучително и видео записите од инцидентот. Имено, пријавените кои се и одговорни за безбедноста на натпреварот, како комесари за безбедност, не соработувале со службените лица на натпреварот, во насока на обезбедување на безбедни и мирни услови за одигрување на натпреварот што им е обврска како комесари за безбедност,

туку спротивно на таквата обврска истите предизвикувале ситуации, кои како комесари за безбедност имале обврска да делуваат да бидат спречени. Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата 35 и член 85 став 1 и 8 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што одлучи како во диспозитив.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:** ФК Шкупи АД Скопје; Алајдин Асани и Неат Ајети, преку клубот; АРХИВА НА ФФМ; Оддел за натпреварување на ФФМ ;Судиски оддел

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0801-1111/2 10.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска - член и Мартин Саздов -член постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1111/1 од 03.05.2018 година против Омер Буњаку, директор на ФК Шкупи, поради вршење на пристисок и обид за физички напад врз судската четворка на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, врз основа на член 35 и член 47 став 2 и 4 од ДП на ФФМ поведе дисциплинска постапка на 04.05.2018 година, по што на 10.05.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **На** Омер Буњаку, директор на ФК Шкупи, поради вршење на пристисок и обид за физички напад врз судската четворка на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, врз основа на член 35 и член 47 став 2 и 4 од ДП на ФФМ, му се изрекува е дисциплинска мерка – **Забрана за вршење на функција во траење од 4 (четири) месеци.**

2. Казната тече од 10.05.2018 година.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

### Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против Омер Буњаку, директор на ФК Шкупи, поради вршење на пристисок и обид за физички напад врз судската четворка на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, поведе постапка на ден 04.05.2018 година.

Пријавениот достави изјава во која категоричи ги отфрла, јасно и недвосмислено наводите во пријавата. Понатака истакнува дека поради незадоволство од судесето се обратил до судиите да го запрат и да не дозволат лежење на гостинските фудбалери на теренот без причина. Истакнува дека наводите во пријавата за вршење пристисок на судиите и обид за напад се невистините и бара комисијата да ја отфрли пријавата и да го ослободи од дисциплинкса одговорност.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Изјава од пријавениот, Изјава од изјава од главниот судија на натпреварот, видео инсерти од инцидент на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 02.05.2018 година во рамки на 32 коло од Прва МФЛ во Скопје е одигран натпреварот помеѓу екипите ФК Шкупи 1927 АД и ФК Силекс АД Кратово. Во 83 минута од натпреварот настанала мешаница во

казнениот простор на гостинската екипа пред голот кој се наоѓа на страната на службените простории. Во таа мешаница од страна на судиите биле доделени неколку жолти картони за играчи на двете екипи, по што ситуацијата се смирила и натпреварот продолжил. По завршување на натпреварот настанала тензична ситуација на која реагирале домашните фудбалери кај судиите. На теренот пред службените простории се насобрала поголема група на официјални и неофицијални лица, во момент кога судиите се наоѓале на средина на теренот и веднаш биле обезбедени од страна на припадниците на МВР, кои побарале од нив да останат на терен додека не се расчисти просторот пред службените простории. На патот кон службените простории кон судиите биле упатени бројни пцости и вулгарности, како и закани од страна на повеќе службени лица на клубот, меѓу кои и од Директорот на клубот, сега пријавениот. Во службените простории имало обид за физички напад на судиите на натпреварот, имено сега пријавениот удрил со рака во прозорот од соблекувалната на судиите и се обидел да влезе во соблекувалната, меѓутоа поголем инцидент бил спречен од страна на припадниците на МВР. Наводите во изјавата доставена од пријавениот беа ценети од страна на комисијата, меѓутоа истите се контрадикторни и во целост спротивни на фактичката сосотојба утврдена погоре, која произлегува од доказите во оваа постапка, вклучително. Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 35 и член 47 став 2 и 4 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 11, а согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**

ФК Шкупи АД Скопје
Омер Буњаку, преку клубот
АРХИВА НА ФФМ
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1112/3
10.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов -член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1112/1 од 03.05.2018 година против ФК Шкупи АД Скопје , поради сторен прекршок слаба организација –присуство на неслужбени лица, вршење пристисок од страна на службени/официјални лица на клубот врз службени лица на натпреварот и физички напад на камерман на натпреварот од страна на подржувачи на клубот на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, врз основа на член 36 став 1и 4, член 49 став 1, член 51 став 1 од ДП на ФФМ , поведе постапка на 04.05.2018 година, по што на 10.05.2018 ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. ФК Шкупи АД Скопје **СЕ КАЗНУВА со парична казна во висина од 1200 (илјада и двеста) Евра**, во денарска противвредност на денот на уплатата поради сторен прекршок слаба организација –присуство на неслужбени лица, вршење пристисок од страна на службени/официјални лица на клубот врз службени лица на натпреварот и физички напад на камерман на натпреварот од страна на подржувачи на клубот на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, врз основа на член 36 став 1и 4, член 49 став 1, член 51 став 1 од ДП на ФФМ.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Шкупи АД од Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.
3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

### Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари ФК Шкупи АД Скопје , поради сторен прекршок слаба организација –присуство на неслужбени лица, вршење пристисок од страна на службени/официјални лица на клубот врз службени лица на натпреварот и физички напад на камерман на натпреварот од страна на подржувачи на клубот на натпреварот одигран во рамки на 32 коло од Прва МФЛ на ден 02.05.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Шкупи АД Скопје и ФК Силекс АД Кратово, врз основа на член 36 став 1и 4, член 49 став 1, член 51 став 1 од ДП на ФФМ, поведе дисциплинкса постапка.

Пријавениот клуб достави изјава до дисциплинската комисија во која истакнуваат дека ги отфрлаат категорички прекршоците што им се ставени на терет. Сметаат дека дека комисијата треба да ги земе во предвид сите олеснителни околности во конкретниот случај. Потенцираат дека треба да се земе во предвид позитивната насока во која се

движи однесувањето на публиката на стадионот во Чаир кој е без инциденти и за секое поздравување.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Изјава од ФК Шкупи, Изјава од изјава од главниот судија на натпреварот, видео инсерти од инцидент на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 02.05.2018 година во рамки на 32 коло од Прва МФЛ во Скопје е одигран натпреварот помеѓу екипите ФК Шкупи 1927 АД и ФК Силекс АД Кратово. Во 83 минута од натпреварот настанала мешаница во казнениот простор на гостинската екипа пред голот кој се наоѓа на страната на службените простории. Во таа мешаница од страна на судиите биле доделени неколку жолти картони за играчи на двете екипи, по што ситуацијата се смирила и натпреварот продолжил. Во тој момент лицата Неат Ајети, комесар за безбедност на натпреварот и Алајдин Шабани, заменик комесар за безбедност на клубот вербално го нападнале и му се заканувале на голманот на гостинската екипа. Оваа ситуација е забележана од страна на судиите на натпреварот, по што било побарано овие лица, да го напуштат оградениот дел од теренот. Двајцата комесари, остатокот од натпреварот го прследиле пред службените простории надвор од оградениот терен. По завршување на натпреварот настанала тензична ситуација на која реагирале домашните фудбалери кај судиите. На теренот пред службените простории се насобрала поголема група на официјални и неофицијални лица, во момент кога судиите се наоѓале на средина на теренот и веднаш биле обезбедени од страна на припадниците на МВР, кои побарале од нив да останат на терен додека не се расчисти просторот пред службените простории. На патот кон службените простории кон судиите биле упатени бројни пцости и вулгарности, како и закани од страна на двајацата комесари за безбедност од страна на претседателот на клубот и неколку останати лица кои биле посочени како членови на управата, како и лица кои на себе имале маркери за фоторепортери. Од трибината од страна на пдржувачите на домашната екипа биле фрлани тврди предмети, меѓу кои и бекатон плочки, кој за среќа не повредиле никого од присутните.Во исто време на трибината каде што се сместени лицата кои го снимаат натпреварот за потребите на ФФМ ТВ, еден од камерманите е нападнат од страна на подржувач на клубот домаќин, за што постои видео запис. Во службените простории имало обид за физички напад на судиите на натпреварот, имено лицето посочено како Претседател на клубот удрил со рака во прозорот од соблекувалната на судиите и се обидел да влезе во соблекувалната, меѓутоа поголем инцидент бил спречен од страна на припадниците на МВР. Наводите во изјавата доставена од клубот беа ценети од страна на комисијата, меѓутоа истите се контрадикторни и во целост спротивни на фактичката сосотојба утврдена погоре, која произлегува од доказите во оваа постапка, вклучително и видео записите од инцидентот. Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 од Дисциплинскиот Правилник, 36 став 1и 4, член 49 став 1, од ДП на ФФМ а в.в со член 41 став 6 од Правилникот за натпревари на ФФМ, каде што е утврдено дека Клубот одговара за однесувањето на своите навивачи било на свој или туѓ терен,

без разлика на превземените мерки на обезбедување согласно актите на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**ФК Шкупи АД Скопје, АРХИВА НА ФФМОддел за натпреварување на ФФМСудиски оддел, Макфудбал

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 -1014/3
10.05 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов -член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1014/1 од 24.04.2018 година против ФК Локомотива Бентоекспорт, поради прекршок слаба организација на натпреварот одигран во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Локомотива Бентоекспорт и ФК Тетекс АД Тетово поведе дисциплинска постапка на 30.04.2018 година, по што на 10.05.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје, **СЕ КАЗНУВА** со **парична казна во висина од 250 (двеста-и-педесет) Евра**, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок слаба од член 51 став 1 на натпреварот одигран во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Локомотива Бентоекспорт и ФК Тетекс АД Тетово на ден 21.04.2018 година, врз основа на член 51 став 1 од ДП на ФФМ.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.
3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари 15-1014/1 од 24.04.2018 година против ФК Локомотива Бентоекспорт, поради прекршок слаба организација на натпреварот одигран во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Локомотива Бентоекспорт и ФК Тетекс АД Тетово поведе дисциплинска постапка на 24.04.2018 година Пријавениот клуб не достави писмена изјава до дисциплинската комисија.
Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 21.04.2018 година во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад во Скопје е одигран натпреварот помеѓу екипите ФК Локомотива Бентоекспорт и ФК Тетекс АД Тетово. По завршување на натпреварот од страна на кондиционот тренер на сега пријавениот клуб, се приближил до главниот судија на натпреварот при што му упатил пцовки со што настанала тензична ситуација и во еден момент го повлекол судијата за дресот. Пријавениот бил тргнат од другите претставници на домашната екипа и ситуацијата се смирила, по што службените лица без проблеми го напуштиле теренот. Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1, а в.в со член 47 став 4 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, посебно дејствувањето на останатите претставници на

клубот, поради што смета и дека со вака изречена дисциплинска мерка може да се постигне целта на казнувањето, по што одлучи како во дизпозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

ФК Локомотива Бентоекспорт Скопје
АРХИВА НА ФФМ
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1016/3
10.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – претседавач, Дејан Бошков – член, Сашка Зердеска-член, Мартин Саздов -член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1016/1 од 24.04.2018 година против Урош Матевски, кондиционен тренер на ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје, поради сторен прекршок физички напад на службено лице на натпреварот одигран во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад на ден 21.04.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Локомотива Бентоекспорт АД од Скопје и ФК Тетекс АД Тетово, врз основа на член 47 став 2 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 10.05.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. На Урош Матевски, кондиционен тренер на ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје, поради сторен прекршок од член 47 став 2 и 4– обид за физичики напад на службено лице на натпреварот одигран во рамки на натпреварот одигран во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад на ден 21.04.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Локомотива Бентоекспорт АД од Скопје и ФК Тетекс АД Тетово, му се изрекува дисциплинска мерка – **Забрана за вршење на функција во траење од 4 (четири) месеци..**

2. Казната тече од 10.05.2018 година.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

### О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1016/1 од 24.04.2018 година против Урош Матевски, кондиционен тренер на ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје, поради сторен прекршок физички напад на службено лице на натпреварот одигран во рамки на 22 коло од Втора МФЛ Запад на ден 21.04.2018 година во Скопје помеѓу екипите ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје и ФК Тетекс АД Тетово, поведе дисциплинкса постапка. Пријавениот не достави изјава до комисијата. Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот, Изјава од судијата, и делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 21.04.2018 година одигран е натпреварот од 22 коло од Втора МФЛ Запад, помеѓу екипите на ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје и ФК Тетекс АД Тетово. По завршување на натпреварот кондициониот тренер на домашната екипа, сега пријавениот се приближил до главниот судија на натпреварот при што му упатил пцовки со што настанала тензична ситуација и во еден момент го повлекол судијата за дресот. Пријавениот бил тргнат од другите претставници на домашната екипа и ситуацијата се смирила, по што службените лица без проблеми го напуштиле теренот.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од 47 став 2 и 4 Дисциплинскиот правилник на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната,го имаше во предвид член 11 и член 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, па по утврдување на сите олеснителни и отежителни околности на настанот, како и претходното однесување на пријавениот, изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**

ФК Локомотива Бентоекспорт од Скопје
Урош Матевски, преку клубот
АРХИВА НА ФФМ
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10-110515
11.05.2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски - претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими - член постапувајќи по жалбата поднесена од Нехар Садики, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје, пр.бр. 0801-1109/3 од 09.05.2018 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1109/2 од 04.05.2018 година, врз основа на член 145 став 1 алинеа 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 11.05.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата бр.0801-1109/3 од 09.05.2018 година поднесена од Нехар Садики ИД бр. 105360, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје се одбива како неоснована.
2. **Се потврдува** одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр.0801-1109/2 од 04.05.2018 година со која на Нехар Садики ИД бр. 105360, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје исклучен од натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ помеѓу ФК Шкендија АД и ФК Работнички АД одигран на 02.05.2018 година во Тетово поради директен црвен картон му СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка **забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.**
   Дисциплинската мерка тече од 03.05.2018 година.
3. Одлуката е конечна.
4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Нехар Садики ИД бр. 105360, фудбалер на ФК Работнички АД Скопје, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1109/2 од 04.05.2018 година поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган со мислење бр.0801-1109/4 од 10.05.2018 година.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и утврди дека фудбалерот жалбата ја поднесува по одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ со која му е изречена дисциплинска мерка - забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.

Мерката е изречена поради груба игра-спречување на очигледна шанса за гол за што фудбалерот е санкциониран со директен црвен картон на натпреварот одигран на 02.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Шкендија АД и ФК Работнички АД во рамките на 32 коло на Прва МФЛ.

Во жалбените наводи подносителот наведува дека направениот прекршок е престрого санкциониран од страна на главниот судија.

Во жалбените наводи фудбалерот наведува дека се кае за сторениот прекршок и бара од Комисијата да ја намали изречената мерка.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата при одлучување ги зема во предвид материјалните докази достапни на комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- записник од натпреварот ФК Шкендија АД и ФК Работнички АД одигран на 02.05.2018 година во Тетово;
- делегатски извештај;
- одлука за покренување на дисциплинска постапка;
- изјава од жалителот;
- изјава од главниот судија;
- одлука на Дисциплинска комисија бр. 0801-1109/2 од 04.05.2018 година година;
- мислење на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1109/4 од 10.05.2018 година.

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 02.05.2018 година во Тетово, во рамки 32 коло на Прва МФЛ одигран е натпреварот ФК Шкендија АД и ФК Работнички АД. Во 66 минута од натпреварот на играчот со број 5 Нехар Садики фудбалер на Ф.К.Работнички АД му е доделен директен црвен картон поради груба игра-спречување на очигледна шанса за гол.

Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба и врз основа на член 40 од ДП на ФФМ ја изрекол дисциплинската мерка.

Комисијата при носење на одлуката ги имаше во предвид жалбените наводи, утврдената фактичка состојба и околностите кои првостепениот орган ги земал во предвид при одмерување на дисциплинската мерка по што врз основа на член 145 став 1 алинеа 1 во врска со член 40 од ДП на ФФМ Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Дејан Николоски

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ
- дисциплинкса комисија

деловоден број 10-1109/5 од 11.05.2018

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**